ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ - СКОПЈЕ

# И З В Е Ш Т А Ј

# ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019/2020 ГОДИНА

Скопје, 2020 г.

ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ - СКОПЈЕ

# И З В Е Ш Т А Ј

# ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019/2020 ГОДИНА

Скопје, 2020 г.

**ЈЗУ Институт за јавно здравје на РСМ – Скопје**

**В. Д. Директор:**

**Доц. д-р Шабан Мемети**

ИЗГОТВУВАЧ:
ОДДЕЛ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ПРОМОЦИЈА И СЛЕДЕЊЕ НА БОЛЕСТИ

Проф. Д-р Елена Ќосевска — Раководител на Оддел

Стручна обработка:

Прим. Д-р Весна Стамболиева — Раководител на Одделение

Јасмина Тахири — Самостоен медицински статистичар

Техничка изработка:

Борче Андоновски
Сузана Дунгевска

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

616-07-057.87(497.7)"2019/2020"(047)

Извештај за остварување на програмата за систематски прегледи на ученици и студенти во Република Северна Македонија за 2019/2020 година / [Весна Стамболиева]. - Скопје : Институт за јавно здравје на Република Македонија, 2021. - 20 стр. : граф. прикази ; 25 см

Содржи и: Прилози

ISBN 978-608-235-070-7

а) Систематски прегледи -- Ученици и студенти -- Македонија -- 2019-2020 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 52912133

# СОДРЖИНА


**ВОВЕД** 7

**I. ОБЕМ НА ИЗВРШЕНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2019/2020 ГОДИНА** 7

а) *Систематски прегледи на ученици во основни училишта* 9

б) *Систематски прегледи на ученици во средни училишта* 10

в) *Систематски прегледи на студенти* 11

**II. СОДРЖИНА НА ИЗВРШЕНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2019/2020 ГОДИНА** 11

а) *Во основните училишта* 12

б) *Средни училишта* 13

в) *Студенти* 15

**III. КОНСТАТАЦИИ** 15

**IV. ПРИЛОЗИ** 16

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија» бр. 43/12, 145/12, 87/13, 64/13, 39/14, 43/14,132/14,188/14,10/15,61/15,154/15,192/15,17/16,37/16и17/97), и Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2020 година (Сл. весник на РМ бр.277/2019) донесена од Владата на Република Северна Македонија на седница одржана на 28.12.2019, ЈЗУ-Институт за јавно здравје - Скопје, изготвува

# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019/2020 ГОДИНА

## *ВОВЕД*

***Овој Извештај има за цел да ја прикаже реализацијата на целите, содржините и обемот на извршените активности предвидени со Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите за 2020 година.***

Согласно Програмата, систематските прегледи се извршуваат во зависност од возраста на учениците и студентите и тоа: во основното образование во I, III, V и VII одделение, во средното образование во I и IV година и во високото образование во првата година.

## *I. ОБЕМ НА ИЗВРШЕНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2019/2020 ГОДИНА*

Во учебната 2019/2020 година бројот на учениците од основно и средно образование, како и на студентите кои биле подлежни, согласно Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2020 година изнесува 65250.

### *Табела 1*

| Година | В К У П Н О | | | ОСНОВНО УЧИЛИШ. | | | СРЕДНО УЧИЛИШТЕ | | | СТУДЕНТИ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | подлежни | прегледани | | подлежни | прегледани | | подлежни | прегледани | | подлежни | прегледани | |
| | | број | % | | број | % | | број | % | | број | % |
| 2018/19 | 105382 | 101550 | 96,4 | 65616 | 63165 | 96,3 | 26487 | 25106 | 94,8 | 13279 | 13279 | 100 |
| 2019/20 | 65250 | 61302 | 93,9 | 39988 | 36739 | 91,9 | 13455 | 12765 | 94,9 | 11807 | 11798 | 99,9 |
| Индекс 2020/19 | 61,9 | 60,4 | | 60,9 | 58,2 | | 50,8 | 50,8 | | 88,9 | 88,8 | |

Извор: ЦЈЗ и ИЈЗ на РСМ

*Податоците во табела 1 за 2019/2020г. се однесуваат само за 2019г.,бидејќи во 2020г. не се реализирани систематски прегледи поради новонастанатата состојба со КОВИД 19.

Со систематски прегледи во 2019/2020 година опфатени се вкупно 61302 ученици и студенти или 93,9% од подлежните. Споредено со претходната година се забележува намалување на бројот на опфатените со систематски прегледи.

Опфатеноста на учениците со систематски прегледи во основните училишта е задоволителна и изнесува 91,9%, што е за 4,4% помала од претходната година. Опфатеноста кај учениците во средното образование изнесува 94,9% и е за 0,1% поголема од претходната година, а кај студентите е 99,9% и е помала за 0,1% во споредба со претходната година..

***Реализацијата на извршените систематски прегледи на учениците од основните и средните училишта, како и кај студентите го задоволува предвидениот стандард од 90-95% од подлежните.***

***Дијаграм 1*** Прегледани ученици и студенти со систематски прегледи во РСМ, период 2010-2020




| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основни училишта | 98,4% | 96,8% | 97,4% | 97,0% | 97,2% | 96,7% | 97,3% | 97,5% | 96,4% | 96,3% | 91,9% |
| Средни училишта | 96,0% | 97,4% | 92,5% | 94,7% | 94,0% | 94,0% | 95,3% | 94,0% | 86,5% | 94,8% | 94,9% |
| Студенти | 99,0% | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 99,9% |

Извор: ИЈЗ на Р.Северна Македонија а

На прикажаниот дијаграм 1 се забележува дека опфатот на ученици и студенти во периодот 2010-2020 година е прилично константен, со вкупен опфат меѓу 86.5 и 100%, што значи дека во анализираниот период опфатот е во рамките на и над предвидениот стандард, со исклучок кај учениците во средните училишта во 2018 година – 86.5%.

## *а) Систематски прегледи на ученици во основни училишта*

Во текот на 2019/2020 година систематските прегледи на учениците во основните училишта се вршени според возраста односно по одредени одделенија. Според добиените извештаи од здравствените организации за извршени прегледи и подлежни за преглед ученици постигнат е следниот опфат на прегледаните ученици:

I одделение: од предвидените 14.533 ученици прегледани се 12.448 или 85,7% што не го задоволува општиот стандард.

III одделение: од предвидените 9.768 ученици прегледани се 9.261 или 94,8% што го задоволува предвидениот стандард..

***Дијаграм 2*** Процент на прегледани ученици со систематски прегледи во основните училишта во РСМ, 2019 и 2020




| | I одделение | III одделение | V одделение | VII одделение |
|---|---|---|---|---|
| 2019 | 95,5% | 97,6% | 96,4% | 95,6% |
| 2020 | 85,7% | 94,8% | 95,5% | 96,1% |

Извор: ИЈЗ на Р.Северна Македонија

V одделение: од предвидените 7.605 ученици прегледани се 7.262 или 95,5%, и е во предвидениот стандард.

VII одделение: од предвидените 8.082 ученици прегледани се 7.768 или 96.1 % што е во предвидениот стандард (Дијаграм 2)

***Опфатеноста на прегледаните ученици во I одделение е најмала, споредувајќи ја со опфатеноста на учениците во другите одделенија.***

Обемот на извршените систематски прегледи во основното образование по региони е прикажан во табела 2 во прилог.

Може да се констатира дека во сите региони, со исклучок во Скопје, (84,3% опфатеност) обемот на извршените систематски прегледи е во рамките на предвидениот стандард, исто како и во минатата година.

Во општините Виница, Кавадарци, Кратово, Пробиштип и Радовиш не се реализирани систематски прегледи во оваа година.

## *б) Систематски прегледи на ученици во средни училишта*

Според Програмата, во средните училишта систематските прегледи се извршуваат во I и IV година. Во 2019/2020 година систематските прегледи се извршени во следниот обем:

I година: од предвидените 7.463 ученици, прегледани се 7.215 или 94.8% со што опфатеноста е во рамките на предвидениот стандард.

IV година: од предвидените 5.992 ученици, прегледани се 5.550 или 92.6% со што опфатеноста е во предвидениот стандард (Дијаграм 3)

***Дијаграм 3*** Процент на прегледани ученици со систематски прегледи во средни училишта во РСМ, 2019 и 2020




| | 2019 | 2020 |
|---|---|---|
| I клас | 94,8% | 96,7% |
| IV клас | 94,8% | 92,6% |

Извор: ИЈЗ на Р.Северна Македонија

Во табела 3 (во прилог) даден е приказ на реализација на систематските прегледи на учениците во средните училишта по региони, од кој се гледа дека во поедини региони не е задоволителна. Исклучок прават: Крушево со 83,0% опфат; Куманово со 83,5% опфат и Штип со 80,6% опфат.

Во општините Виница, Гевгелија, Делчево, Кавадарци, Кичево, Кратово, Неготино, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Свети Николе и Тетово не се реализирани систематски прегледи во оваа година.

Во споредба со минатата година, опфатот бил под оптималниот стандард во регионот Валандово со 89.5% опфат; Куманово со 89.4% опфат и Радовиш со 81.5% опфат.

Констатација е дека состојбата на реализираните систематски прегледи на учениците во средните училишта не е задоволителна, и потребно е да се преземат напори за зголемување на опфатот до оптималниот стандард за регионите во кои не е исполнет.

### в) Систематски прегледи на студенти

Обемот на извршените систематски прегледи на студентите во Републиката во учебната 2019/2020 година во целост задоволува и изнесува 99,9% , а во минатата година – 100%. Табела 3 (во прилог)

## II. СОДРЖИНА НА ИЗВРШЕНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2019/2020 ГОДИНА

Од добиените извештаи за систематски прегледи може да се констатира дека најголемиот дел од содржините предвидени со Програмата во целост се застапени. Деталниот преглед на содржините на извршени систематски прегледи е прикажан во табела 4 (во прилог).

**Утврдени патолошки состојби при извршени систематски прегледи на ученици и студенти во 2019/2020 година**

## *а) Во основните училишта*

Деформитетите, лошото држење на телото и лошата хранетост на телото, се најзастапените патолошки состојби утврдени при извршувањето на систематските прегледи кај учениците од основното образование.

***Деформитетите на стопалото*** се евидентирани кај 4826 ученици или 7,6% од вкупно прегледаните; следат ***деформитетите на 'рбетен столб и граден кош*** евидентирани кај 4723 ученици или 7,5% од прегледаните; следи ***лошото држење на телото*** кои се застапени кај 4258 ученици или 6,7% од прегледаните.

На четвртото место по застапеноста е ***лошата ухранетост на телото*** застапена кај 3819 ученици или 6% од прегледаните.

Во споредба со претходната година, за сите претходно наброени патолошки состојби постои намалување на процентуалната застапеност кај прегледаните ученици во 2020 во однос на 2019 година, кое е нереално, бидејќи не се реализирани систематските прегледи предвидени за во 2020 година.

Деформитетите на 'рбетниот столб и градниот кош како и деформитетите на стопалото најмногу се застапени кај учениците од I-то и VII-мо одделение. (табела 5 во прилог).

***Лоша развиеност*** на телото е забележана кај 1367 ученици или 2,2% од прегледаните. Во споредба со претходната година забележана е поголема застапеност - 5,5% во 2019 година (дијаграм 4).

***Дијаграм 4.*** Утврдени патолошки состојби кај ученици во основно образование во РСМ, 2019 и 2020




| | Лошо држење | Лоша развиеност | Лоша ухранетост | Деф.на рб.столб и гр.кош | Деф.на стопало |
|---|---|---|---|---|---|
| 2019 | 16,2 | 5,5 | 11 | 17,5 | 19,5 |
| 2020 | 6,7 | 2,2 | 6 | 7,5 | 7,6 |

Извор: ИЈЗ на Р.Северна Македонија

Кај 2132 ученици или 3,4% од прегледаните се најдени пречки на видот и мотилитетот, што е помала застапеност во споредба со претходната година, кога биле евидентирани кај 7,8% од прегледаните; конгенитални срцеви аномалии се најдени кај 91 или 0,1% (за 1,2% помалку во споредба со претходната година), а стекнати кај 24 ученици.

***Вошливоста*** е застапена кај 76 ученик или 0,1% и е помала во споредба со претходната година (252 ученици и 0,4% застапеност), додека ***недоволната хигиена на телото*** е констатирана кај 523 или 0,8% од прегледаните ученици, што е за 35,1% повеќе во споредба со претходната година.

***Лабораториските прегледи*** на крвта за хемоглобин, според доставените извештаи, се извршени само кај 68,4% од прегледаните ученици. При тоа е најден хемоглобин под 10 гр.% кај 1102 ученици или 1,8% од прегледаните на хемоглобин, што е за 17% повеќе во споредба со претходната година.

Преглед на урина е извршен кај 16.094 ученици или 25,5% од вкупно прегледаните, при што е најден албумен кај 306 ученици или 0,5% од прегледаните на албумен во урина. Претходната година, преглед за присуството на албумен во урината бил извршен кај вкупно 32.782 ученици, или 54% од прегледаните; албумен бил детектиран кај 1,7% од прегледаните.

При ***стоматолошките прегледи*** најден е кариес кај 6.028 ученици или 9,5% од прегледаните што е помалку во споредба со претходната година. Ортодонтски аномалии се најдени кај 1.306 ученици или 2,1% од прегледаните, што е за 52,9% помалку во споредба со претходната година.

## *б) Средни училишта*

Кај учениците од средните училишта од најдените патолошки состојби најзастапена е ***лошата хранетост на телото*** кај 2.378 ученици или 9,5% од вкупно прегледаните.Потоа следат ***деформитетите на рбетниот столб и градниот кош*** кај 2.319 ученици или 9,2% од вкупно прегледаните; потоа следи ***лошото држење на телото*** кај 1.960 или 7,8% од прегледаните; ***пречки на видот и мотилитетот*** биле констатирани кај 1.017 ученици или 4,1%.

***Деформитети на стопалото*** се најдени кај 933 ученици или 3,7% од прегледаните.

Кај помладите возрасти на учениците, односно учениците од основните училишта застапеноста на вакви најдени пречки е двојно поголема.

***Лошата развиеност на телото*** е застапена кај 660 ученици или 2,6% (за 2% помалку во споредба со претходната година).

***Конгенитални срцеви аномалии*** најдени се кај 17 ученици или 0,1%, додека стекнати се најдени кај 72 или 0,3% од прегледаните ученици (11 и 0,1% од прегледаните во 2019 година).

***Вошливоста*** е констатирана само кај 26 ученици, а кај 45 во 2019 година.

Вошливоста кај учениците од основното образование е многу поголема и изнесува – 76 или 0,1% од вкупно прегледаните (Табела 6, дијаграм 5).

***Дијаграм 5*** Утврдени патолошки состојби кај ученици во средни училишта во РСМ, 2019 и 2020




| | Лошо држење | Лоша развиеност | Лоша ухранетост | Деф.на рб.столб и гр.кош | Деф.на стопало |
|---|---|---|---|---|---|
| 2019 | 23,1 | 4,6 | 12 | 28 | 14,5 |
| 2020 | 7,8 | 2,6 | 9,5 | 9,2 | 3,7 |

**Извор: ИЈЗ на Р.Северна Македонија**

***Лабораториски прегледи*** на крв за хемоглобин се извршени кај 8.140 ученици или 32,4% од прегледаните, при што е најден ***хемоглобин*** под 10 гр.% кај 106 ученици или 0,4% од прегледаните на хемоглобин (338 или 1,6% во претходната година).

Кај 4.037 ученици или 16,1% (12118 или 57% во минатата година) е извршен преглед на ***албумен во урина***, а позитивен албумен е најден кај 155 ученици или 0,6% од прегледаните на албумен (635 или 3% во претходната година).

При извршените ***стоматолошки прегледи*** кариес е најден кај 2.314 ученици или 9,2% од прегледаните (3689 или 17,4% е најдениот ***кариес*** кај учениците од претходната година). ***Ортодонтските аномалии*** се регистрирани кај 570 ученици или 2,3% (1483 или 7% се регистрирани во минатата година). Табела 6, дијаграм 5

### в) *Студенти*

Кај прегледаните студенти како најзастапени патолошки состојби се: ***лошото држење на телото кое е*** застапено кај 3.852 студенти или 29% од прегледаните; потоа следи ***лоша развиеност на телото*** која е регистрирана кај 879 ученици или 6.6% од прегледаните; ***деформитети на рбетен столб и граден кош*** кои се регистрирани кај 729 студент или 5,5% од прегледаните; ***лоша ухранетост на телото*** застапено кај 621 студенти или 4,7% и ***деформитети на стопалото*** регистрирани кај 490 студенти или 3.7%.

***Лабораториските прегледи*** на крв се извршени кај 660 студенти или 5%, а на урина кај 11.359 или 85,5 % од прегледаните студенти, при што албумен во урината е детектиран кај 195 или 1.5% од прегледаните. Кариес е најден кај 13,2% од студентите (Табела 6 во прилог).

## III. КОНСТАТАЦИИ

1. Според Програмата за систематски прегледи за 2019/2020 година опфатени се вкупно 61.302 ученици и студенти или 93,9% од подлежните и го задоволува предвидениот стандард од 90-95%. И во претходната година опфатеноста задоволувала и изнесувала 96,4%. Кај учениците во основното образование изнесува 91.9% кај учениците во средното образование 94,9%, а кај студентите е 99,9% од подлежните.
2. Податоците за 2019/2020г. се однесуваат само за 2019г.,бидејќи во 2020г. не се реализирани систематски прегледи поради новонастанатата состојба со КОВИД 19.
3. Констатација е дека состојбата на реализираните систематски прегледи на учениците во средните училишта не е задоволителна, и потребно е да се преземат напори за зголемување на опфатот до оптималниот стандард за регионите во кои не е исполнет.
4. Предвидените содржини на систематските прегледи според Програмата не задоволуваат во поглед на лабораториските испитувања (на крв -хемоглобин, урина-албумен и фецес за цревни паразити) кои се извршуваат во недоволен обем или воопшто не се извршуваат во некои региони.
5. Се ова гореизложеното наметнува, преземање мерки за подобрување на спроведувањето на Програмата за систематски прегледи на ученици и студенти, посебно во однос на опфатеноста на учениците и студентите во ординациите со цел за санирање на најдените состојби.

# IV. ПРИЛОЗИ

***Табела 2*** Извршени систематски прегледи на ученици во основните училишта во Република Северна Македонија во 2020 година

| | Вкупно подлежни | Прегледани | | Одделенија | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број | % | I одд. | III одд. | V одд. | VII одд. |
| Р.С.МАКЕДОНИЈА | 39988 | 36739 | 91,9 | 12448 | 9261 | 7262 | 7768 |
| Берово | 109 | 109 | 100,0 | 25 | 22 | 31 | 31 |
| Битола | 3412 | 3277 | 96,0 | 837 | 845 | 817 | 778 |
| Мак.Брод | 156 | 156 | 100,0 | 25 | 39 | 46 | 46 |
| Валандово | 409 | 409 | 100,0 | 95 | 103 | 109 | 102 |
| Велес | 878 | 878 | 100,0 | 0 | 391 | 311 | 176 |
| Виница | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Гевгелија | 97 | 97 | 100,0 | 0 | 0 | 26 | 71 |
| Гостивар | 1789 | 1756 | 98,2 | 540 | 387 | 432 | 397 |
| Дебар | 618 | 618 | 100,0 | 147 | 152 | 158 | 161 |
| Делчево | 160 | 160 | 100,0 | 29 | 52 | 36 | 43 |
| Д.Хисар | 146 | 146 | 100,0 | 29 | 39 | 45 | 33 |
| Кавадарци | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Кичево | 821 | 821 | 100,0 | 561 | 26 | 85 | 149 |
| Кочани | 208 | 204 | 98,1 | 56 | 58 | 48 | 42 |
| Кратово | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Кр.Паланка | 556 | 534 | 96,0 | 61 | 149 | 170 | 154 |
| Крушево | 119 | 119 | 100,0 | 32 | 23 | 37 | 27 |
| Куманово | 3395 | 3188 | 93,9 | 830 | 805 | 828 | 725 |
| Неготино | 814 | 766 | 94,1 | 187 | 253 | 168 | 158 |
| Охрид | 1715 | 1639 | 95,6 | 376 | 428 | 401 | 434 |
| Прилеп | 1410 | 1410 | 100,0 | 375 | 401 | 306 | 328 |
| Пробиштип | 464 | 457 | 0,0 | 107 | 109 | 123 | 118 |
| Радовиш | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ресен | 463 | 462 | 99,8 | 124 | 126 | 116 | 96 |
| Св.Николе | 224 | 214 | 95,5 | 87 | 60 | 39 | 28 |
| Скопје | 14066 | 11860 | 84,3 | 5882 | 3015 | 1152 | 1811 |
| Струга | 1605 | 1605 | 100,0 | 355 | 466 | 356 | 428 |
| Струмица | 1761 | 1656 | 94,0 | 473 | 450 | 379 | 354 |
| Тетово | 2865 | 2625 | 91,6 | 771 | 594 | 574 | 686 |
| Штип | 1728 | 1573 | 91,0 | 444 | 268 | 469 | 392 |

*Пехчево е собрано со Берово

* Ростуше е собрано со Гостивар

Извор: ЦЈЗ и ИЈЗ на РСМ

***Табела 3*** Извршени систематски прегледи на ученици во средни училишта и студенти во Република Северна Македонија во 2020 година

| | Вкупно подлежни | Средни училишта | | | | Студенти | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Прегледани | | I клас | IV клас | Прегледани | | |
| | | Број | % | | | Подлежни | Број | % |
| Р.С.МАКЕДОНИЈА | 13455 | 12765 | 94,9 | 7215 | 5550 | 11807 | 11798 | 99,9 |
| Берово | 32 | 32 | 100,0 | 16 | 16 | | | |
| Битола | 1470 | 1433 | 97,5 | 725 | 708 | 379 | 379 | |
| Мак.Брод | 36 | 36 | 100,0 | 13 | 23 | | | |
| Валандово | 104 | 98 | 94,2 | 38 | 60 | | | |
| Велес | 945 | 945 | 100,0 | 578 | 367 | 5 | 5 | 100,0 |
| Виница | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Гевгелија | 248 | 248 | 0,0 | 183 | 65 | | | |
| Гостивар | 509 | 486 | 95,5 | 281 | 205 | | | |
| Дебар | 295 | 295 | 100,0 | 154 | 141 | | | |
| Делчево | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Д.Хисар | 86 | 86 | 100,0 | 37 | 49 | | | |
| Кавадарци | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Кичево | 619 | 619 | 0,0 | 458 | 161 | | | |
| Кочани | 382 | 355 | 92,9 | 187 | 168 | | | |
| Кратово | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Кр.Паланка | 246 | 234 | 95,1 | 132 | 102 | | | |
| Крушево | 106 | 88 | 83,0 | 49 | 39 | | | |
| Куманово | 1200 | 1002 | 83,5 | 513 | 489 | | | |
| Неготино | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Охрид | 1047 | 964 | 92,1 | 489 | 475 | 443 | 434 | 98,0 |
| Прилеп | 123 | 115 | 93,5 | 54 | 61 | 0 | 0 | 0,0 |
| Пробиштип | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Радовиш | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Ресен | 186 | 186 | 0,0 | 104 | 82 | | | |
| Св.Николе | 141 | 129 | 0,0 | 46 | 83 | | | |
| Скопје | 2116 | 1993 | 94,2 | 1654 | 339 | 10980 | 10980 | 100,0 |
| Струга | 1712 | 1712 | 100,0 | 599 | 1113 | | | |
| Струмица | 1242 | 1212 | 97,6 | 819 | 393 | | | |
| Тетово | 121 | 103 | 0,0 | 86 | 17 | | | |
| Штип | 489 | 394 | 80,6 | 0 | 394 | | | |

Извор: ЦЈЗ и ИЈЗ на РСМ

***Табела 4*** Содржина на извршени систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија во 2020 година

| Утврдена состојба | | | Основни | | Средни | | Студенти | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | машки | женски | машки | женски | машки | женски |
| Вкупно прегледани | | | 18753 | 17986 | 6549 | 6216 | 4206 | 7592 |
| Чистота на телото | добра | | 18496 | 17720 | 6509 | 6172 | 4206 | 7592 |
| | лоша | | 257 | 266 | 40 | 44 | 0 | 0 |
| Вошливост | | | 30 | 46 | 9 | 17 | 0 | 0 |
| Држење на телото | добра | | 16459 | 16022 | 5531 | 5274 | 2665 | 5281 |
| | лоша | | 2294 | 1964 | 1018 | 942 | 1541 | 2311 |
| Развиеност на телото | добра | | 17207 | 16567 | 5510 | 5198 | 2720 | 5110 |
| | средна | | 819 | 779 | 707 | 690 | 1046 | 2043 |
| | лоша | | 727 | 640 | 332 | 328 | 440 | 439 |
| Хранетост на телото | добра | | 14759 | 14308 | 4559 | 4359 | 240 | 381 |
| | средна | | 1942 | 1911 | 750 | 719 | 846 | 1701 |
| | лоша | | 2052 | 1767 | 1240 | 1138 | 3120 | 5510 |
| ДефоРСМации на рбетниот столб | кифоза | неозначена | 709 | 464 | 249 | 128 | 2 | 5 |
| | | изразена | 64 | 67 | 48 | 75 | 1 | 1 |
| | сколиоза | неозначена | 653 | 640 | 498 | 423 | 211 | 407 |
| | | изразена | 161 | 144 | 106 | 105 | 33 | 47 |
| | лордоза | неозначена | 95 | 102 | 9 | 14 | 3 | 5 |
| | | изразена | 18 | 20 | 16 | 25 | 0 | 0 |
| Дефор.на град.кош | | | 937 | 679 | 435 | 188 | 5 | 9 |
| Дефор.на стопалото | | | 2771 | 2055 | 483 | 450 | 172 | 318 |
| Дефор.на др.делови на коструот | еднострано | | 186 | 186 | 4 | 0 | 0 | 0 |
| | двострано | | 30 | 18 | 27 | 1 | 0 | 0 |
| Пречки на видот и мотилитет | страбизам | | 390 | 363 | 158 | 182 | 5 | 23 |
| | нистагмус | | 505 | 580 | 261 | 294 | 0 | 0 |
| | слеп.за бои | | 147 | 147 | 38 | 84 | 1 | 0 |
| Оштетување на слухот | еднострано | | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 | 7 |
| | двострано | | 2 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Кариес | I степен | | 2151 | 2028 | 769 | 671 | 760 | 973 |
| | II степен | | 964 | 885 | 486 | 333 | 10 | 11 |
| Парадентопатија | | | 147 | 83 | 55 | 52 | 0 | 0 |
| Ортодонски аномалии | | | 650 | 656 | 285 | 285 | 28 | 83 |
| Срцеви мани | конгенит. | | 66 | 25 | 10 | 7 | 0 | 0 |
| | стечени | | 11 | 13 | 40 | 32 | 0 | 0 |
| Психич.развиеност | | | 142 | 120 | 3 | 1 | 0 | 0 |
| Говорни мани | | | 1118 | 827 | 29 | 20 | 0 | 0 |
| Хемоглобин | под 10 гр% | | 274 | 257 | 26 | 90 | 1 | 14 |
| | 10 - 13 гр% | | 6505 | 6196 | 2531 | 2769 | 107 | 259 |
| | над 13 гр% | | 5359 | 4397 | 1688 | 1036 | 157 | 122 |
| Албумин во уреата | позитивен | | 92 | 214 | 70 | 85 | 62 | 133 |
| | негативен | | 8300 | 7488 | 1904 | 1978 | 3979 | 7185 |
| Измет на цревни паразити | позитивен | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | негативен | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Алергиски заболувања | да | | 8 | 1 | 11 | 3 | 21 | 39 |
| | не | | 253 | 212 | 169 | 74 | 3855 | 7065 |
| Сите останати хрон.патолошки состојби | | | 158 | 158 | 128 | 105 | 3 | 1 |

Извор: ЦЈЗ и ИЈЗ на РСМ

***Табела 5*** Утврдена сосотојба при извршени систематски прегледи на ученици во основни училишта во Република Северна Македонија во 2020 година

| Утврдена состојба | Основни училишта | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | | I одд. | | III одд. | | V одд. | | VII одд. | |
| | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| Вкупно прегледани | 36739 | 104,8 | 12448 | 35,5 | 9261 | 26,4 | 7262 | 20,7 | 7768 | 22,2 |
| Чистота на телото - лоша | 523 | 0,8 | 160 | 0,9 | 111 | 0,7 | 107 | 0,8 | 145 | 1,0 |
| Вошливост | 76 | 0,1 | 16 | 0,1 | 22 | 0,1 | 17 | 0,1 | 21 | 0,1 |
| Држење на телото - лоша | 4258 | 6,7 | 1335 | 7,5 | 906 | 5,7 | 765 | 5,4 | 1252 | 8,2 |
| Развиеност на телото - лоша | 1367 | 2,2 | 301 | 1,7 | 379 | 2,4 | 366 | 2,6 | 321 | 2,1 |
| Хранетост на телото - лоша | 3819 | 6,0 | 1023 | 5,8 | 974 | 6,1 | 872 | 6,1 | 950 | 6,2 |
| Дефор.на рбет.столб и град кош | 4723 | 7,5 | 1221 | 6,9 | 1032 | 6,4 | 977 | 6,9 | 1493 | 9,8 |
| Дефор.на стопалото | 4826 | 7,6 | 1483 | 8,4 | 1145 | 7,2 | 1049 | 7,4 | 1149 | 7,6 |
| Дефор.на други делови | 420 | 0,7 | 131 | 0,7 | 90 | 0,6 | 32 | 0,2 | 167 | 1,1 |
| Пречки на видот и мотилитет | 2132 | 3,4 | 483 | 2,7 | 619 | 3,9 | 488 | 3,4 | 542 | 3,6 |
| Оштетување на слухот | 9 | 0,0 | 3 | 0,0 | 5 | 0,0 | 1 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Кариес | 6028 | 9,5 | 1784 | 10,1 | 1574 | 9,8 | 1368 | 9,6 | 1302 | 8,6 |
| Парадентопатија | 230 | 0,4 | 6 | 0,0 | 13 | 0,1 | 91 | 0,6 | 120 | 0,8 |
| Ортодонски аномалии | 1306 | 2,1 | 149 | 0,8 | 276 | 1,7 | 559 | 3,9 | 322 | 2,1 |
| Срцеви Конгенитални | 91 | 0,1 | 14 | 0,1 | 26 | 0,2 | 21 | 0,1 | 30 | 0,2 |
| мани Стечени | 24 | 0,0 | 7 | 0,0 | 2 | 0,0 | 6 | 0,0 | 9 | 0,1 |
| Психичка развиен.недоболна | 262 | 0,4 | 83 | 0,5 | 71 | 0,4 | 46 | 0,3 | 62 | 0,4 |
| Говорни мани | 1945 | 3,1 | 680 | 3,8 | 400 | 2,5 | 400 | 2,8 | 465 | 3,1 |
| Хемо- Под 10гр% | 531 | 0,8 | 161 | 0,9 | 124 | 0,8 | 167 | 1,2 | 79 | 0,5 |
| глобин Вк.прегледани | 22988 | 36,4 | 7974 | 45,0 | 6015 | 37,6 | 4887 | 34,4 | 4112 | 27,0 |
| Албумен Позитивен | 306 | 0,5 | 96 | 0,5 | 57 | 0,4 | 70 | 0,5 | 83 | 0,5 |
| во урина Вк.прегледани | 16094 | 25,5 | 6858 | 38,7 | 3281 | 20,5 | 2648 | 18,6 | 3307 | 21,7 |
| Измет на цревни паразити | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Алергиски Да | 15 | 0,0 | 3 | 0,0 | 7 | 0,0 | 0 | 0,0 | 5 | 0,0 |
| заболувања Вк.прегледани | 480 | 0,8 | 126 | 0,7 | 98 | 0,6 | 98 | 0,7 | 158 | 1,0 |
| Сите ост.хрон.патол.состојби | 316 | 0,5 | 82 | 0,5 | 90 | 0,6 | 94 | 0,7 | 50 | 0,3 |

Извор: ЦЈЗ и ИЈЗ на РСМ

***Табела 6*** Утврдена сосотојба при извршени систематски прегледи на ученици во средни училишта и студенти во Република Северна Македонија во 2020 година

| Утврдена состојба | Средни училишта | | | | | | Студенти | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | | I клас | | IV клас | | Број | % |
| | Број | % | Број | % | Број | % | | |
| Вкупно прегледани | 12765 | 100 | 7215 | 57,6 | 5550 | 44,3 | 11798 | 96,72 |
| Чистота на телото - лоша | 84 | 0,3 | 58 | 0,5 | 26 | 0,2 | 0 | 0,0 |
| Вошливост | 26 | 0,1 | 11 | 0,1 | 15 | 0,1 | 0 | 0,0 |
| Држење на телото - лоша | 1960 | 7,8 | 1224 | 9,9 | 736 | 5,8 | 3852 | 29,0 |
| Развиеност на телото - лоша | 660 | 2,6 | 487 | 3,9 | 173 | 1,4 | 879 | 6,6 |
| Хранетост на телото - лоша | 2378 | 9,5 | 949 | 7,7 | 1429 | 11,2 | 621 | 4,7 |
| Дефор.на рбет.столб и град кош | 2319 | 9,2 | 1526 | 12,3 | 793 | 6,2 | 729 | 5,5 |
| Дефор.на стопалото | 933 | 3,7 | 688 | 5,6 | 245 | 1,9 | 490 | 3,7 |
| Дефор.на други делови | 32 | 0,1 | 1 | 0,0 | 31 | 0,2 | 0 | 0,0 |
| Пречки на видот и мотилитет | 1017 | 4,1 | 643 | 5,2 | 374 | 2,9 | 29 | 0,2 |
| Оштетување на слухот | 1 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 0,0 | 10 | 0,1 |
| Кариес | 2314 | 9,2 | 1223 | 9,9 | 1091 | 8,6 | 1754 | 13,2 |
| Парадентопатија | 107 | 0,4 | 33 | 0,3 | 74 | 0,6 | 0 | 0,0 |
| Ортодонски аномалии | 570 | 2,3 | 299 | 2,4 | 271 | 2,1 | 111 | 0,8 |
| Срцеви Конгенитални | 17 | 0,1 | 5 | 0,0 | 12 | 0,1 | 0 | 0,0 |
| мани Стечени | 72 | 0,3 | 31 | 0,3 | 41 | 0,3 | 0 | 0,0 |
| Психичка развиен.недоболна | 4 | 0,0 | 1 | 0,0 | 3 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Говорни мани | 49 | 0,2 | 31 | 0,3 | 18 | 0,1 | 0 | 0,0 |
| Хемо- Под 10гр% | 106 | 0,4 | 24 | 0,2 | 82 | 0,6 | 15 | 0,1 |
| глобин Вк.прегледани | 8140 | 32,4 | 4077 | 32,9 | 4063 | 32,0 | 660 | 5,0 |
| Албумен Позитивен | 155 | 0,6 | 58 | 0,5 | 97 | 0,8 | 195 | 1,5 |
| во урина Вк.прегледани | 4037 | 16,1 | 2121 | 17,1 | 1916 | 15,1 | 11359 | 85,5 |
| Измет на цревни паразити | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Алергиски Да | 14 | 0,1 | 5 | 0,0 | 9 | 0,1 | 60 | 0,5 |
| заболувања Вк.прегледани | 257 | 1,0 | 88 | 0,7 | 169 | 1,3 | 10980 | 82,7 |
| Сите ост.хрон.патол.состојби | 229 | 0,9 | 105 | 0,8 | 124 | 1,0 | 4 | 0,0 |

Извор: ЦЈЗ и ИЈЗ на РСМ